Universiteti i EJL në Tatovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo
Pranuar / Примено / Received: 19 03 2021
Njësia org / Орг. единица / Org. unit: 03 | Numër / Број / Number: 912 | Bashkangj / Прилог / Attachment: 1 | Vlera / Вредност / Value:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-323/4
18 03 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 12 седница одржана на 24.02.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Веб и мобилни системи", од втор циклус на академски студии - постдопломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки, насока: Веб и мобилни системи" од втор циклус на академски студии - постдопломски студии (магистерски студии) (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по Компјутерски науки, насока: Веб и мобилни системи /во меѓународен промет академски назив: Master in computer sciences, module: Web and mobile systems.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно математички науки, 2 Техничко - технолошки науки .

Научно – истражувачко поле: 110 - Информатика, 212 - Компјутерска техника и информатика Образование;

Научно – истражувачка област: 11002 - Информациони системи и програмирање
11003 - Програмски јазици и системи, 11005 - Вештачка интелегенција, 11007 - Алгоритми
11008 - Оптимизација, 11009 - Симулација, 11010 - Развивање на софтвер и бази на податоци
11011 - Друго , 21201 - Програмски јазици и технологии, 21202 - Информациони системи и мрежи
21203 - Бази на податоци, 21204 - Обработка на информации, 21206 - Процесирање на податоци
21207 - Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер), 21208 - Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 50 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08 - 3744/4 од 24.12.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Веб и мобилни системи" од втор циклус на академски студии - постдопломски студии (магистерски студии) (120 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 329/1 од 28.12.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 11-та седницата одржана на 27.01.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 329/3 од 25.02.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 12-та седница одржана на 24.02.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски